ДЕНЕСКА ВО ЊУЈОРК

# Искра Димитрова изложува во Бруклинскиот музеј

Македонската мултимедијална уметничка Искра Димитрова од денеска изложува во Бруклинскиот музеј во Њујорк, еден од најзначајните музеи на современа уметност во светот. Димитрова учествува на изложбата "Глобални феминизми" на авторки од целиот свет. Со изложбата се промовира Елизабет А. Саклер центарот за феминистичка уметност во Бруклинскиот музеј. На покана на светски познатите историчарки на уметноста од Њујорк Мора Рејли и Линда Нохлин, Димитрова ја изложува инсталацијата "Танатометаморфозис".



*Во еден од најзначајните музеи на современа уметност во светот Димитрова ја изложува инсталацијата "Танатометаморфозис"*

Изборот на учесничките е направен по повеќегодишно глобално истражување на сите континенти. На кураторките на "Глобални феминизми" голем впечаток им оставило делото на Димитрова "Папочна врвка" на изложбата "Зрачења", организирана од скопскиот Музеј на современата уметност во Минхен, Белград, Токио и во Модерна музеет во Стокхолм на интернационалната изложба "По ѕидот" (1998-2000). По внимателно истражување на веб страницата на македонската авторка тие се определуваат за делото "Танатометаморфозис", инсталација изведена во 1997 во МСУ Скопје на нејзината самостојна изложба "Мементо мори".

Инсталацијата е поставена во сосема затемнет простор во чиј центар е поставен базен со црна течност во кој плива црна восочна одливка од телото на Димитрова. Проектот се усредоточува на различните аспекти на смртта, на нашата фобија и, воопшто, на одбивањето да се соочиме со неонтолошкото. Нејзиниот концепт е метафора на храброста да се спротивставиме на сите предрасуди, вклучително и на идејата за сопственото исчезнување.

На мегаизложбата во Бруклинскиот музеј, чиј заштитен знак е инсталацијата "Dinner Party" на американската ѕвезда Џуди Чикаго, застапени се моќни уметнички од сите континенти, како Пипилоти Рист, Ширин Нешат, Катрин Опи, Гада Амер.